Врз основа на член 89 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2019, 256/2020 и 65/2021), Уставниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 декември 2023 година донесе

# ПРАВИЛНИК

## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија

### Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија Су.бр.45/21 од 20 јануари 2021 година, Су.бр.45/21/2 од 24 јуни 2021 година, Су.бр.69/2022 од 24 јануари 2022 година и Су.бр.1089/22 од 7 декември 2022 година, во член 11 табелата се менува и гласи:

| Звање | Систематизирани работни места со број на извршители |
|---|---|
| Секретар на Уставниот суд | 1 |
| Советник на Судот | 20 |
| Самостоен советник | 12 |
| Советник | 11 |
| Стручен соработник | 2 |
| Административен работник | 18 |
| Технички работник | 10 |
| Вкупно: | 74 |

### Член 2

Во член 13 во Табеларниот приказ на работните места, во работното место под реден број 13 во делот „Број на извршители“ бројот „1“ се заменува со бројот „2“.

Во работното место под реден број 13, во делот „Работни задачи и обврски“ по алинејата 5 се додава нова алинеја 6 која гласи:

„- постапува по предмети со помалку сложени правни прашања кои му се доделени во работа, во обем што ќе го определи секретарот на Судот;“.

Досегашната алинеја 6 станува алинеја 7.

Во работното место под реден број 15 во делот „Број на извршители“ бројот „2“ се заменува со бројот „1“.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Су.бр. 1567/23**
**26.XII 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Уставниот суд на Република**
**Северна Македонија,**
**Добрила Кацарска**